С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 14 година XLIV

21 октомври 2009

252.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за определување патрон и заштитник на Град Велес

Се објавува Одлуката за определување на патрон и заштитник на Град Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 15.10.2009 година.

Број 08-4486/1
21.10.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 43, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 15, став 2 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06), Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.10.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за определување патрон и заштитник на град Велес

Член 1

Со оваа Одлука се определува патрон и заштитник на градот Велес.

Член 2

За патрон и заштитник на градот Велес се определува Св.вмч. Пантелејмон.

Член 3

Обележувањето – празнувањето на Денот на патронот и заштитник на градот Велес, Св.вмч. Пантелејмон, ќе се врши секоја година на 9 Август со прослава во организација на Општина Велес, а во соработка со Повардарската Епархија на МПЦ во согласност со обичаите за обележување на празникот Св. вмч.Пантелејмон.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-4425/1
16.10.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р

253.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.10.2009 година.

Број 08-4486/2
21.10.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.10.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4425/2
16.10.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 46 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ”бр.80/08), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06 а согласно Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиштеи нашинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (“Службен весник на РМ”бр.80/01 и 85/01)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.10.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година

1.Во Програмата за уредување на градежното земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година (“Службен гласник на општина Велес” бр. 17/08, 3/09 и 7/09) се врши измена:

1.2. во глава IV. - ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ :

После став 1 Трошоците за реализација, според намената и по поедини видови на елементи за уредувањето на општината се: во табелата Расходи,

-програма Ф Урбано планирање износот 17.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 12.600.000,оо ден.

подпрограма Ф10 Урбанистичко планирање износот 6.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 2.500.000,оо ден.

подпрограма Ф20 Уредување на градежно земјиште износот 4.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 3.600.000,оо ден.

.... точка 2 Надзор над изведба на градежни објекти износот 1.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 600.000,оо ден.

подпрограма Ф30 Уредување на простор во рурални подрачја износот 5.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 4.500.000,оо ден.

-програма Ј Комунални дејности износот 108.450.000,оо ден. се брише и се заменува со 87.195,500,оо ден.

-потпрограма Ј00 Одржување на урбана опрема износот 500.000,оо ден. се брише и се заменува со 300.000,оо ден.

.... точка 1 Фарбање на столбчиња, парапети и канделабри износот 200.000,оо ден. се брише и се заменува со 100.000,оо ден.

.... точка 2 Одржување на разна урбана опрема износот 300.000,оо ден. се брише и се заменува со 200.000,оо ден.

-потпрограма ЈН0 Урбана опрема (капитални расходи) износот 3.700.000,оо ден. се брише и се заменува со 3.000.000,оо ден.

.... точка 2 Набавка на садови за собирање на цврст комунален отпад се брише во целост

-…. точка 3 Ракофати и огради (заградување на детско игралиште во Населба Превалец, ракофати во УЗ „9-ти Ноември“, ул.„Мирче Ацев“, „Цветан Арсов“, „Загребска“, „Ганчо Хаџи Панзов“, „Богдан Каракостев“, „Вељан Шојлев“, „Браќа Поп Јорданови“, „Браќа Миладиновци“,УЗ „Славе Петков“ и заградување на кошаркарско игралиште на „Андон Шурков“ износот 1.150.000,оо ден. се брише и се заменува со 1.500.000,оо ден.

-потпрограма Ј10 Снабдување со вода износот 800.000,оо ден. се брише во целост.

-потпрограма ЈГ0 Изградба на системи за водоснабдување износот 9.300.000,оо ден. се брише и се заменува со 7.100.000,оо ден.

.... точка 3 Учество за изградба на систем за водоснабдување за Раштани и Бузалково со износ од 2.200,000 ,оо денари се брише во целост.

- потпрограма Ј20 Одведување и пречистување на отпадни води износот 10.650.000,оо ден. се брише и се заменува со 9.100.000,оо ден.

.... точка 1 Изградба на канализациона линија за насела Хабитат со износ од 600.000 ,оо денари се брише во целост

.... точка 2 Изведба на атмосферска канализација на спојот помеѓу плоштад „Панко Брашнар“ и ул.„Благој Ѓорев“ со износ од 800.000 ,оо денари се брише во целост.

.... точка 3 Прибирање на мали води од Дервенски поток (под дуќаните) со готови бетонски елементи. со износ од 500.000 ,оо денари се брише во целост.
.... точка 7 „Богдан Каракостев“ со иснос од 150.000,оо денари се брише во целост.
.... точка 8 „Јовче Ќучук“ со износ од 100.000,оо денари се брише во целост.
.... точка 11 Бетонирање на атмосферски канал на ул. „Орце Шутев“ со износ од 200.000,оо денари се брише и се заменува со 300.000,оо ден.
.... се додава нова точка 7 Изведба на атмосферска канализација со износ од 500.000 ,оо .ден.

-потпрограма ЈИ0 Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води износот 1.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 9.000.000,оо ден.
После точка 1 се додава нова точка 2. Изградба на фекална канализација со пречистителна станица за с. Г. Оризари зона 3 со износ 8.000.000,оо ден.

-потпрограма Ј30 Јавно осветлување износот 21.500.000,оо ден. се брише и се заменува со 20.000.000,оо ден.
.... точка 2 Одржување на јавно осветлување износот 2.500.000,оо ден. се брише и се заменува со 2.000.000,оо ден.
.... точка 3 Набавка на репро-материјал износот 1.800.000,оо ден. се брише и се заменува со 1.400.000,оо ден.
.... точка 5 Реконструкција на мрежа износот 2.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 1.400.000,оо ден.
потпрограма ЈА0 Изградба на јавно осветлување износот 2.630.000,оо ден. Се брише и се заменува со 2.430.000,оо ден.
.... точка 5 Хабитат- осветлување на улици износот 200.000,оо ден. се брише во целост.

-потпрограма Ј40 Јавна чистота износот 8.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 182.500,оо ден.
.... точка 1 Чистење на јавно прометни површини износот 8.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 182.500,оо ден.

-потпрограма Ј60 Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај износот 8.150.000,оо ден. се брише и се заменува со 8.400.000,оо ден.
.... точка 2 Бетонирање на улици и потпорни ѕидови со учество на граѓани (70м во Населба Тунел, потпорен ѕид во Населба Тунел, потпорен ѕид на ул.„Костурска“, ул.„Стеван Богоев“, „Јовче Чучук“, крак од „Стојан Бурчевски-Буридан“, дел од „Ганчо Хаџи Панзов“, „Мите Богоевски“, „Киро Чауле“, „Благој Абрашев“, „Вера Цировири“ (134-179 и 152-156), „Климент Охридски“, „Браќа Поп Јорданови“, „Киро Рогужаров“, „Благој Страчков“, Превалец, Оризари, „Богдан Каракостев“ (153-179), „Димитар Миладинов“ 129 и др. износот 2.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 1.200.000,оо ден.
.... точка 3 Зимско одржување на локални патишта и улици износот 1,600.000,оо ден. се брише и се заменува со 2.100.000,оо ден
.... точка 4 Редовно инвестиционо одржување и непредвидени работи износот 2.500.000,оо ден. се брише и се заменува со 3.500.000,оо ден
.... точка 5 Поставување на еластична ограда на ул.„Луј Пастер“ со иснос од 250.000,оо денари се брише во целост.
.... точка 6 Чистење на банкини со иснос од 200.000,оо денари се брише во целост.

-потпрограма ЈД0 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици износот 14.950.000,оо ден. се брише и се заменува со 9.900.000,оо ден.
.... точка 1 Асфалтирање на ул.„Сутјеска“ со иснос од 350.000,оо денари се брише во целост
.... точка 2 Асфалтирање на ул. „Крсте Мисирков“ со иснос од 1.200,000,оо денари се брише во целост
.... точка 6 Пробивање на спој помеѓу улица „Грозда Кочова“и „СЃ Сватот“ со иснос од 350.000,оо денари се брише во целост
.... точка 8 Изградба на дел од улица „Роса Плавева“ со иснос од 300.000,оо денари се брише во целост
.... точка 13 Реконструкција на тротоар на ул. „Андон Шурков“ - наспроти Касарна со иснос од 250.000,оо денари се брише во целост
.... точка 16 Реконструкција на тротоар на ул. „Сутјеска“ со иснос од 300.000,оо денари се брише во целост
.... точка 17 Реконструкција на тротоар на ул. „Благој Ѓорев“ кон библиотеката (во соработка со ЈКП Дервен) со иснос од 250.000,оо денари се брише во целост
.... точка 18 Изградба на тротоар од спој на ул. „Живко Фирфов“ со „Благој Ѓорев“ до рампа во Превалец со износ од 1.800.000,оо денари се во целост.
.... точка 21 Реконструкција на тротоар на ул. „Благој Ѓорев“(на потегот од трговскиот до железничарската зграда) со иснос од 150.000,оо денари се брише во целост
.... точка 23 Ораовец со износ од 1.000.000,оо денари се брише во целост
.... точка 25 „Марксова“ со иснос од 300,000,оо денари се брише во целост .... се додава нова точка 17 Бетонирање на улици во износ од 500.000,оо денари.
.... се додава нова точка 18 Изведба и санација на потпорни и заштитни ѕидови во износ од 1.200,000,оо денари

-потпрограма ЈФ0 Изградба на сообраќајна сигнализација износот 850.000,оо ден. се брише и се заменува со 360.000,оо ден.
... точка 1. Изградба на вертикална сигнализација (поставување на дигитални мерачи за брзина) износот 600.000,оо ден. се брише и се заменува со 110.000,оо ден.

-потпрограма ЈМ0 Паркови и зеленило (капитални расходи) износот 3.500.000,оо ден. се брише и се заменува со 3.623.000,оо ден.

После точка 2 се додава нова точка 3.
Поплочување на патеки на дел во Младинскиот парк со износ 123.000,оо ден.

-потпрограма J80 Други комунални услуги износот 2.400.000,оо ден. се брише и се заменува со 2.550,000,оо ден

... точка 3. Санација на карпи износот 150.000,оо ден. се брише и се заменува со 300.000,оо ден.

-потпрограма J80 Други комунални услуги (капитални расходи) износот 14.800.000,оо ден. се брише и се заменува со 6.750.000,оо ден.

.... точка 2. Плоштад Варналиеви. износот 1.500.000,оо ден. се брише во целост.

.... точка 3. Рамина износот 3.000.000,оо ден. се брише во целост.

... точка 4. Регулација на река Вардар износот 3.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 250.000,оо ден.

....точка 5. Пазар Тунел износот 800.000,оо ден. се брише во целост.

потпрограма JE0 Одржување на простори за паркирање износот 120.000.ооденари се брише во целост.

-потпрограма JE0 Изградба на простор за паркирање износот 1.100.000,оо ден. се брише во целост....

2.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-4425/2
16.10.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

254.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во област на културата за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во област на културата за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.10.2009 година.

Број 08-4486/3
21.10.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.10.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-4425/3
16.10.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/22), член 7, точка 3 од Законот за култура пречистен текст („Сл. весник на РМ" бр.66/03) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.10.2009 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година во табеларниот дел „Активности 2009" се вршат следните измени и дополнувања:

I МАНИФЕСТАЦИИ

- Во реден број 1„Празничен концерт“, во колоната „предвидени средства Општина Велес“ износот „40.000“ се заменува со 46.800, а во колоната „Вкупно“ износот „40.000“ се заменува со „46.8000“.

- Во реден број 2 „Питијада – избор на пита мајстор за 2009 год.“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „20.000“ се заменува со износот „5.000“, а во колоната „вкупно“ износот „20.000“ се заменува со „5.000“.

- Во реден број 4 „Денови на пролетта“ износот предвидени средства „15.000“ и износот „вкупно „15.000“ се брише.

- Во реден број 5 „140 години од раѓањето и 80 години од смртта на Васил Главинов“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „50.000“, се заменува со „7.199“, а во колоната „вкупно“ износот „50.000“ се заменува со „7.199“,

-Во реден број 6 „Априлијада“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „10.000“, се заменува со „2.000“, а во колоната „вкупно“ износот „10.000“ се заменува со „2.000“,

-Во реден број 7 „Меѓународен ден на танцот“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „20.000“, се заменува со „6.300“, а во колоната „вкупно“ износот „20.000“ се заменува со „6.300“,

-Во реден број 8 „Велигденско јајце“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „25.000“, се заменува со „18.575“, а во колоната „вкупно“ износот „25.000“ се заменува со „18.575“,

-Во реден број 9 „Средби на Бошњаците“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „90.000“, се заменува со „90.500“, во колоната „други извори и донации износдот „20.000“ се брише, а во колоната „вкупно“ износот „110.000“ се заменува со „90.500“,

- Во реден број 10 „Ден на Европа“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „20.000“, се заменува со „1.111“, а во колоната „вкупно“ износот „20.000“ се заменува со „1.111“.

-Во реден број 12 „Денот на македонските просветители Св. Кирил и Методиј“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „80.000“, се заменува со „51.344“, а во колоната „вкупно“ износот „80.000“ се заменува со „51.344“.

-Реден број 13 „Ден на културата во Република Македонија“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за култура“ износот „30.000“, се брише и во колоната „вкупно“ износот „30.000“ се брише“,

-Во реден број 14 „Завршна манифестација - Детска градинка“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „10.000“, се брише и во колоната „вкупно“ износот „10.000“ се брише.

-Во реден број 15 „46-ти Рацинови средби“ во колоната „Предвидени средства – други извори и донации“ износот „183.048,50“, брише, а во колоната „вкупно“ износот „783.048,50“ се заменува со „600.000“,

-Во реден број 16 „Меѓународен фолклорен фестивал“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот„600.000“ се заменува со „700.000“, во колона „други извори и донации“ се додава износ од „60.000“, , а во колоната „вкупно“ износот „700.000“ се заменува со „8600.000“.

-Во реден број 17 „Велешко културно лето“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за култура“ износот „200.000“, се брише“, “а во колоната „вкупно“ износот „500.000“ се заменува со „300.0000“,

-Во реден број 19 „Интернационален фестивал на античка драма „Стоби““ во колоната „Предвидени средства – Министерство за култура“ износот „1.000.000“, се заменува со „700.000“, а во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „1.000.000“ се заменува со „1.300.000“.

-Во реден број 20 „Концерт Илинден“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „60.000“, се заменува со „100.000“, “и во колоната „вкупно“ износот „60.000“ се заменува со „100.0000“,

-Во реден број 37 „Јубилеи на реномирани автори“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „40.000“, се брише и во колоната „вкупно“ износот „40.000“ се брише

-Во реден број 39 „Изложби на домашни и странски уметници по утврдена програма“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „80.000“, се заменува со „20.000“, а во колоната „вкупно“ износот „80.000“ се заменува со „20.000“,

-Во реден број 40 „Промоции на книги“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „80.000“, се заменува со „40.000“, а во колоната „вкупно“ износот „80.000“ се заменува со „40.000“,

-Во позицијата „Вкупно“ глава I Манифестации во колоната „Предвидени средства-Министерство за култура“ износот „1.630.000“се заменува со „1.100.00“, во колоната „Општина Велес“ износот износот „5.425.000“се заменува со „5.573.829“, во колоната „други извори и донации“ износот „203.048,50“ се заменува со „60.000“, во колоната „ВКУПНО“износот „7.258.048,50“ се заменува со „6.733.829 “.

II ИНВЕСТИЦИИ

-Во реден број 1 „Пренесување на етно материјал од Франкфурт – донација од семејство Петрушевски“ “ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „1.638.000“ се заменува со „0“, а во колоната „вкупно“ износот „1.638.000“ се заменува со „0“.

-Во реден број 2 „ Опремување на спомен-соба Џинот“во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „100.000“ се заменува со „0“, а во колоната „вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „0“.

-Во реден број 3 „ Трајна поставка на дела сопственост на Тихомир Кондев“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“, а во колоната „вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“.

-Во реден број 4 „ Опремување на спомен-соба Гемиџии“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „100.000“ се заменува со „0“, а во колоната „вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „0“.

-Во реден број 5 „ Уредување на спомен-куќата на Васил Главинов““ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „150.000“ се заменува со „100.000“, а во колоната „вкупно“ износот „150.000“ се заменува со „100.000“.

-Во реден број 6 „ Изработка на скулптури во паркови површини“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „600.000“ се заменува со„15.000“, а во колоната „вкупно“ износот „600.000“ се заменува со „15.000“.

-Во реден број 7 „ Проширување на амфитеатар во Младински парк“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „500.000“ се заменува со„0“, и во колоната „вкупно“ износот „500.000“ се заменува со „0“.

-Во реден број 8 „ Уредување и набавка на опрема во библиотека“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „500.000“ се заменува со„300.000“, а во колоната „вкупно“ износот „500.000“ се заменува со „300.000“.

-Во реден број 9 „ Опремување на ликовен салон“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „100.000“ се заменува со„150.000“, а во колоната „вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „150.000“.

-Во реден број 10 „ Археолошки истражувања Латински гробишта“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „320.000“ се заменува со„200.000“, а во колоната „вкупно“ износот „320.000“ се заменува со „200.000“.

-Во позицијата „Вкупно“ глава II Инвестиции се вршат следните измени: во „Предвидени средства – Општина Велес“ износот„4.150.000.“ се заменува со „815.000“ и износот од колоната „Вкупно“ „4.150.000“ се заменува со „815.000“.

Во ставка 2. – Поддршка на локални установи се вршат следните измени:

-Во реден број 1 „ Комунални трошоци во библиотека“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „500.000“ се заменува со„200.000“, и во колоната „вкупно“ износот „500.000“ се заменува со „200.000“.

Во позиција „Вкупно“ на ставка 2 износот „500.000“ се заменува со „200.000“.

III ТАНСФЕР НА СРЕДСТВА

- Во реден број 1 „Блок - дотација култура“ во колона „ Предвидени средства од Министерство за култура “ износот „11.870.000“ се заменува со “11.727.727“, а во колона „вкупно“ износот „11.870.000“ се заменува со “11.727.727“.

-Во позицијата „ВКУПНО“ глава III - Трансфер на средства, се вршат следните измани: „ Предвидени средства од Министерство за култура “ износот „12.394.469“ се заменува со “12.252.196“, а во колона „вкупно“ износот „13.717.469“ се заменува со “13.575.196“.

Во позициите „се вкупно“ на крајот на табеларниот преглед се вршат следните измени:

-во колоната Предвидени средства од Министерство за култура “ износот „14.024.469“ се заменува со “13.352.196“ во колоната „ „Предвидени средства-Општина Велес“ износот „11.175.000“ се заменува со „7.688.829“ во колоната „Предвидени средства – Други извори и донации“ износот „203.048,50“ се заменува со „60.000“, а износот од колоната „Вкупно“ „26.725.517,50“ се заменува со „22.424.025“.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4425/3
16.10.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

255.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.10.2009 година.

Број 08-4486/4
21.10.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.10.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4425/4
16.10.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.10.2009 година донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година во табеларниот дел „II Поддршка на образованието – реден бр. **1. ИНВЕСТИЦИИ“** се вршат следните измени и дополнувања:

- Во позиција под ред. бр.1 „Изградба, реконструкција и санирање на училишни објекти, санитарни јазли, кровни конструкции и топловодни системи во основни и средни училишта“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „2.800.000“ се заменува со „1.000.000“и во колоната „вкупно“ се износот „2.800.000“ се заменува со „1.000.000“.

- Во позиција под ред. бр.2 „Реконструкција на спортски објекти во основни и средни училишта“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „2.000.000“ се заменува со „1.000.000“и во колоната „вкупно“ се износот „2.000.000“ се заменува со „1.000.000“.

- Во позиција под ред. бр.3 „Изградба и реконструкција на отворени спортски терени и партерно уредување на дворни места во основни и средни училишта“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „1.500.000“ се заменува со „500.000“и во колоната „вкупно“ се износот „1.500.000“ се заменува со „500.000“.

- Во позиција „Вкупно“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „8.460.000“ се заменува со „4.660.000“.

Во реден бр.2 – тековни работи“

- во позиција под ред.бр. 1 „Осигурување на училишни објекти“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „1.500.000“ се заменува со „1.000.000„ и во колона „Вкупно“ износот „1.500.000“ се заменува со „1.000.000“

- во позиција под ред.бр. 4 „Обезбедување на основните и средните училишта“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „2.500.000“ се заменува со „1.000.000“ и во колона „Вкупно“ износот „2.500.000“ се заменува со „1.000.000“.

-Во позиција „Вкупно“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „5.500.000 “ се заменува со „3.500.000“.

Во табеларниот дел **„III ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА“** се вршат следните измени и дополнувања:

- Во позиција под реден број 1 „ Блок дотација – основно образование“ во колона „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот „180.452.000“ се заменува со износот „180.369.000“ и во колона „Вкупно“ износот „180.452.000 “ се заменува со износот „180.369.000“.

- Во позиција под реден број 2 „ Блок дотација – средно образование“ во колона „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот „107.799.000“ се заменува со износот „107.621.000“ и во колона „Вкупно“ износот „107.799.000“ се заменува со износот „107.621.000“.

- Во позицијата „вкупно“ на глава III ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА “ се вршат следните измени: Во колоната „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот „290.432.729“ се заменува со „290.171.729“ , а во колоната „Вкупно“ износот „326.653.329 “ се заменува со „326.392.329“.

- Во позицијата „СЕ ВКУПНО“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот „290.432.729“ се заменува со „290.171.729“, во колоната Предвидени средства – Општина Велес износот „14.090.000“ се заменува со „8.290.000“ а во колоната „Вкупно“ износот „340.743.329“ се заменува со „334.682.329“.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4425/4
16.10.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
На Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

256.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.10.2009 година.

Број 08-4486/5
21.10.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.10.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4425/5
16.10.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 3 од Законот за Локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Оштина Велес („Сл. Гласник на Општина Велес бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.10.2009 година донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во табелата: Г10) Поддршка на локалниот економски развој:

Точка 2: „Подготовка на Студија за користење на алтернативни извори на енергија“ – се брише;

Точка 4: „Обука на бизнис секторот за пристап до донаторски средства и изработка на апликации во рамки на ИПА“ – вредноста во колоната „Предвидени средства“ во висина од 300.000 се заменува со вредноста 81.302 денари;

Точка 5: „Кофинансирање на ИПА проекти“ – се брише;

Вредноста на вкупниот износ: 2.200.000 денари, се заменува со 1.031.302 денари.

2. Во табелата ГА0) Изградба на комерцијални објекти:

Точка 1: „Изградба на дел од инфраструктура на Езеро Младост“ вредноста во колоната „Предвидени средства“ во висина од 9.000.000 се заменува со вредноста 5.000.000 денари;

Вредноста на вкупниот износ: 9.500.000 денари се заменува со 5.000.000 денари.

Точка 2: „Доизградба на водоводна инфраструктура во индустриска зона Речани 2„ – се брише.

3.Висината на вкупната вредност 12.150.000 денари се заменува со вредноста 6.431.302 денари.

4.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4425/5
16.10.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

257.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противожарната заштита за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.10.2009 година.

Број 08-4486/6
21.10.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.10.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4425/6
16.10.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 5 од Законот за пожарникарство (“Службен весник на РМ”бр.67/04), член 36, став 1,точка 15 (“Службен весник на РМ”бр.67/04) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.10.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година

1.Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година (“Службен гласник на Општина Велес” бр.17/08) се врши измена:

Во глава IV – Распоредување на финансиски средства – трансфер на средства, во табелата „Приходи“ во точка 1, бројот „10.804.000 “ се брише и се заменува со бројот„ 10.622.000 “.

Во делот Вкупно 1 бројот 10.804.000 се брише и се заменува со бројот „10.662.000 “.

Во делот Вкупно 1-5, бројот „13.424.000“ се брише и се заменува со бројот „13. 242.000“.

Во глава IV – Распоредување на финансиски средства – трансфер на средства:, во табелата „Расходи“ во точка 1, бројот „10.804.000 “ се брише и се заменува со бројот „10.622.000 “

Во точка 15, износот Вкупно 1, бројот 10.804.000 се брише и се заменува со бројот „10.662.000“

Во точка 17, износот Вкупно 1-14, бројот „13.424.000“ се брише и се заменува со бројот „13. 242.000“

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-4425/6
16.10.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

258.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.10.2009 година.

Број 08-4486/7
21.10.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.10.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2009 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4425/7
16.10.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.10.2009 год.,донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес вообласта на здравството и социјалната заштита во 2009 година

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита се вршат следните измени во табеларниот преглед:

Во глава I Активности

-Во позиција „ред. бр.1 "Прифатилиште за жртви од семејно насилство" во колона „Предвидени средства – Општина Велес" износот „180.000" се заменува со „0"и во колона „вкупно"износот 180.000" се заменува со „0".

-Во позиција „ред. бр.4 „Промовирање на родова рамноправност"во колона „Предвидени средства Општина Велес" износот „50.000" се заменува со „20.000", во колоната „Предвидени средства –донација" износот "60.000" се брише и во колона „вкупно" износот „110.000" се заменува со „20.000"

